Градоначалник на општина Шуто Оризари- Šerutno ki komuna Šuto Orizari-Kryetari I komunës Shuto Orizari
Република Северна Македонија- Republika Utarali Makedonija-Republika e Maqedonisë së Veriut

Бр- No-Nr. 09- 475 / 90
04 . 11 . 2026 год-berš-viti
СКОПЈЕ- SKOPJE-SHKUP

Врз основа на член 50, став 1, точка 14 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ“ 05/02 и „Сл.Весник на РСМ“ бр. 202/24), и член 45, став 1, точка 12 од Статутот на општина Шуто Оризари („Сл.Гласник на општина Шуто Оризари“ бр.1/97),одредбите од Законот за спречување на корупција и судир на интереси („Сл.Весник на РСМ“ бр. 12/19), како и донесената Политика за интегритет на општина Шуто Оризари, Градоначалникот на Општина Шуто Оризари, донесе:

РЕШЕНИЕ
за назначување на Лице за интегритет во општина Шуто Оризари

Член 1

Со ова Решение, лицето **Ерхан Фејзов**, вработен на работно место Раководител на Одделение за нормативно-правни и општи работи и јавни набавки, во општинската администрација, се назначува за **Лице за интегритет** во општина Шуто Оризари.

Член 2

Лицето за интегритет е одговорно за спроведување, координација и следење на активностите утврдени со Политиката на интегритет на општина Шуто Оризари, како и за промовирање на етичките стандарди и вредности во секојдневното работење на администрацијата.

Член 3

Во рамките на својот делокруг на работа, Лицето за интегритет ги извршува следните задачи:

- Обезбедува стручна советодавна поддршка и насоки на вработените и функционерите при појава на етички дилеми или потенцијален судир на интереси;
- Учествува во подготовката и ажурирањето на Годишниот план за проценка на ризици од корупција во рамки на општината;
- Води грижа за усогласеноста на интерните акти, вклучително и процедурите за вработување засновани на мерит-системот, со начелата на интегритетот;
- Организира континуирани внатрешни обуки и едукативни содржини за етика, транспарентност и спречување на непотизам за вработените;
- Подготвува Годишен извештај за имплементацијата на Политиката на интегритет и го доставува до Градоначалникот.

Член 4

Општинската администрација и раководните службеници во сите сектори се должни целосно да соработуваат со Лицето за интегритет и да му овозможат пристап до потребните информации и документација за непречено извршување на задачите од член 3 на ова решение.

Член 5

Именуваното Лице за интегритет задачите од ова Решение ги извршува покрај своите редовни работни задачи согласно Актот за систематизација на работните места, за што не му следува дополнителен паричен надоместок.

Член 6

Ова Решение стапува на сила со денот на донесувањето.

Градоначалник на општина Шуто Оризари
Курто Дудуш

_____